НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

*НУ. Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр. 10,П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија,*
*тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173;*
*е-маил: зимохридЖsахоо.цом,* ***жиро сметики: буџетска 180100907560319 и сопствена 18010090***

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË
MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Бр./Nr. 13-217/2
13.02.2023
Охрид/Ohër

**До**
**Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS**
**(ohridsos@gmail.com)**

**ПРЕДМЕТ:** **Доставување на информации за слободен пристап до информации од јавен карактер**
**ВЕСКА:** **Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер (наш бр.03-217/1 од 10.02.2023 година)**

НУ Завод и Музеј – Охрид, постапувајќи по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно член 4, 12 и 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на Ohrid SOS преку застапник Драгана Велковска, од 10.02.2023 година испратено по електронски пат (наш бр. 03-217/1 од 10.02.2023 година, а во врска со појавена информација за градежни дејствија под Самуиловата тврдина на интернет страница од локален медиум, за тоа цитирам:

1. Дали е изготвено Решение за издавање заштитно – конзерваторски услови за објектот кој деновиве почна да се гради под Самуиловата тврдина (Старо градско јадро), КП 15805/1 КО Охрид 3? Доколку постои, бараме да ни се достави.
2. Дали е изготвено Мислење од НУ Завод и Музеј – Охрид, за истата локација и објект? Да ни се достави, доколку го има.
3. Дали се извршени археолошки истражувања на оваа катастарска парцела, пред да почнат градежните работи? Доколку такви активности се случиле, бараме да ни се достави извештај.
4. Доколку е издадено, да ни се достави Конзерваторско одобрение за истиот објект во изградба.
5. Да ни се достави проектната документација за новата градба на КП 15805/1 КО Охрид 3.
6. Дали новиот објект (доколку ги поминал сите погоре спомнати фази и ги добил потребните документи) е во склад со Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2020-2029), Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење и Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион?
7. Дали угостителскиот објект кој се наоѓа на истата катастарска парцела ги има добиено сите одобренија од страна на вашите институции? Во неколку наврати наши сограѓани реагираа за несоодветно (пресилно) осветлување, за доградбите и надградбите, лимениот покрив и урбаната опрема кои не се во склад со амбиентот,

со оглед дека се наоѓа веднаш под еден од најрепрезентативните споменици во Охрид, Самуиловата тврдина.

Врз основа на член 13 ст. 3 и 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата НУ Завод и Музеј – Охрид, преку овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/19) Ви ги доставува следните информации:

Во врска со вашето барање информација од јавен карактер, а притоа имајќи го предвид член 3 став 1 точка 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) за тоа што е информација од јавен карактер, дека тоа е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности, Ве информираме за следното:

1. Ниту е побарано, а ниту е изготвено Решение за издавање заштитно – конзерваторски услови за објектот кој деновиве почна да се гради под Самуиловата тврдина (Старо градско јадро) КП 15805/1 КО Охрид 3. Горенаведеното Решение не може ни да биде изготвено со оглед на тоа што на наведената КП не е предвидена градба.

2. Од НУ Завод и Музеј – Охрид не е изготвено Мислење за истата локација и објект. Со оглед на тоа што се работи за бесправна градба изработен е **Извештај од извршен увид при изведување на бесправна градба на КП 15805/1, КО Охрид 3 општина Охрид бр. 13-138/4 од 03.02.2023 година** и истиот е испратен до Управата за заштита на културно наследство – Скопје како надлежна институција на нејзино понатамошно постапување. Како доказ за горенаведеното Ви го доставуваме **Извештајот од извршен увид при изведување на бесправна градба на КП 15805/1, КО Охрид 3 општина Охрид бр. 13-138/4 од 03.02.2023 година** изработен од страна на НУ Завод и Музеј – Охрид.

3. На оваа катастарска парцела не се извршени археолошки истражувања пред да отпочнат градежните работи. Врз основа на **Решение за увид бр. 02-138/1 од 27.01.2023 година** од страна на стручни лица – археолози на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид направен е увид на КП 15805/1 КО Охрид 3, општина Охрид на ул. Кузман Капидан. При извршениот увид е утврдено дека на предметната парцела е започнато вршење на земјани работи со механизација, без запазување на пропишаните законски процедури и кои во текот на увидот беа стопирани од страна на НУ Завод и Музеј – Охрид, а воедно беше информиран и сопственикот дека треба да престане со сите активности преземени на предметната парцела. За затекнатата состојба на предметната парцела изработен е **Извештај од извршен увид на КП 15805/1, КО Охрид 3 општина Охрид бр. 09-138/2 од 27.01.2023 година** и истиот е доставен до Управата за заштита на културно наследство – Скопје со цел постапување согласно нивните надлежности. Како доказ за горенаведеното Ви го доставуваме на увид **Извештајот од извршен увид на КП 15805/1, КО Охрид 3 општина Охрид бр. 09-138/2 од 27.01.2023 година** изработен од НУ Завод и Музеј – Охрид.

4. Конзерваторско одобрение за објектот во изградба не е издадено.

5. Не постои проектна документација за новата градба на КП 15805/1 КО Охрид 3.

6. Новиот објект не ги поминал сите погоре спомнати фази и не ги добил потребните документи. Истиот не е во согласност со Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион (2020 – 2029), Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење и Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион.

7. Угостителскиот објект кој се наоѓа на истата катастарска парцела ги нема добиено сите одобренија од страна на нашата институција (несоодветно

осветлување, доградби и надградби, лимен покрив и урбана опрема) кои не се во склад со амбиентот, со оглед дека се наоѓа веднаш под еден од најрепрезентативните споменици во Охрид, Самуиловата тврдина.

Со почит,

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Тања Паскали Бунташеска
диа, конзерватор – советник
-----------------------------------

в.д. Директор,
Катерина Велковска
-----------------------------------

10.02.23
Ј. Велос
Тања П.

# Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE

| Примено/E pranua | 10.02.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia.Org. | Број Numër | | |
| 03 | 217/1 | | |

From: Ohrid SOS (ohridsos@gmail.com)

To: contact@uzkn.gov.mk; zimohrid@yahoo.com

Date: Friday, February 10, 2023 at 03:27 PM GMT+1

Почитувани,

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (и подоцнежните измени и дополнувања) и Законот за заштита на културното наследство, до имателот го доставуваме ова барање за информации од јавен карактер.

На интернет страницата на еден локален медиум се појави информацијата за градежни дејности под Самуиловата тврдина.

**1.** Дали е изготвено Решение за издавање заштитно-конзерваторски услови за објектот кој деновиве почна да се гради под Самуиловата тврдина (Старо градско јадро) КП 15805/1 КО Охрид 3? Доколку постои, бараме да ни се достави.
**2.** Дали е изготвено Мислење од НУ „Завод и Музеј" Охрид, за истата локација и објект? Да ни се достави, доколку го има.
**3.** Дали се извршени археолошки истражувања на оваа катастарска парцела, пред да почнат градежните работи? Доколку такви активности се случиле, бараме да ни се достави извештај.
**4.** Доколку е издадено, да ни се достави Конзерваторско одобрение за истиот објект во изградба.
**5.** Да ни се достави проектната документација за новата градба на КП 15805/1 КО Охрид 3.
**6.** Дали новиот објект (доколку ги поминал сите погоре спомнати фази и ги добил потребните документи) е во склад со Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот Регион (2020-2029), Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење и Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион?
**7.** Дали угостителскиот објект кој се наоѓа на истата катастарска парцела ги има добиено сите одобренија од страна на вашите институции? Во неколку наврати наши сограѓани реагираа за несоодветното (пресилно) осветлување, за доградбите и надградбите, лимениот покрив и урбаната опрема кои не се во склад со амбиентот, со оглед дека се наоѓа веднаш под еден од најрепрезентативните споменици во Охрид, Самуиловата тврдина.

Ве молиме, бараните информации да ни бидат доставени во електронски формат на оваа е-адреса во најкусо време.

Ви благодариме.

Овластено лице:

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

**Со почит,**
**Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS**

Во акто - Арх. знак:
Рок н...

БЛАТОТО Е
СРЦЕ
НА ЕЗЕРОТО

**Blog:** OhridSOS
**FB:** OhridSOS
**Twitter:** OhridSOS